Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 486 www.mchamber.mk 18.3.2022










# ПРОДОЛЖУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ШЕСТ МЕСЕЧНАТА ОБУКА ЗА МЕНАЏЕРИ И БИЗНИС ЛИДЕРИ-ОДРЖАН МОДУЛОТ ЗА КОРПОРАТИВНИ ВРЕДНОСТИ

*ФОРМИРАНА ТИМ-40 АСОЦИЈАЦИЈА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА*

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# ФОРМИРАНА ТИМ-40 АСОЦИЈАЦИЈА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА



На иницијатива на компании чии менаџери, раководители, сопственици, се на возраст од околу 40 години, формирана е нова Асоцијација во Стопанската комора на Северна Македонија ТИМ-40, заради ефикасно остварување на специфичните интереси на компании од различни економски сектори поврзани со развојот и промоцијата на претприемачкиот дух, како еден од клучните двигатели за идниот развој на земјата, кој помага за развој и раст на деловните субјекти преку креирање и организирање на програми за едукација, како и поттикнување на домашната и меѓународната соработка.

Идејата на компаниите кои пристапуваат во оваа новоформирана Асоцијација, како посебна форма на организирање и работење во рамки на Стопанската комора, е да делуваат во унапредување на соработката во рамки на оперативните дејности на членовите, особено преку презентирање на потенцијалите за поголема продуктивност и конкурентност.

Целите и задачите на ТИМ-40 ќе бидат насочени кон обединување на младите претприемачи, односно компаниите во кои работат млади претприемачи во насока на изнаоѓање решенија следејќи ги новите трендови и практики во услови во кои функционираат помладите генерации со различна перспектива на гледање на работите. Поддршката на оваа форма на организирање на компаниите во Комората е во насока на политиката на најстарата и најмоќна бизнис асоцијација за поттик, афирмирање и приклучување на младите генерации, кои со својата иновативност и креативност, имаат потенцијал да внесат свежина, нови практики, но и светски искуства следејќи ги глобалните трендови на примена на најсовремени техники и стил на менаџирање и делување.

На Конститутивната седница на Асоцијацијата ТИМ-40, компаниите кои го иницираа формирањето на истата, за претседател го избраа Жарко Димитриоски, од маркетинг агенцијата „Еден на еден“, со мандат од 4 години.

## ЗА ДА СЕ ПРИМЕНИ ПРОЕКТОТ „ОТВОРЕН БАЛКАН“, ПОТРЕБНО Е СИТЕ НИЕ ДА ГО ПРИФАТИМЕ КАКО СВОЈ, А НЕ КАКО НАМЕТНАТ



Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Комората во континуитет продолжува со реализација на предавањата од Програмата 1-Клуб на менаџери-претприемништво и лидери. На 10 и 11 март 2022 година во Стопанската комора беа оддржани предавања од четвртиот модул насловен како „Корпоративни вредности“.

На предвањата беа покриени актуелни теми од искусни професори од земјата и странство, стопанственици и лидери во својата бранша коишто говореа за теоретските фундаменти и најдобри практики поврзани со вредностите како двигатели на голем број процеси во организацијата, за новите корпоративни вредности поврзани со предизвиците на одржливост и ублажување на негативните последици од сите промени кои се случуваат.

Во текот на дводневното предавање, учесниците имаа можност да се вмрежат и да ги слушнат искуствата од градење на одлични тимови, како до испорака на одлична услуга за клиентите, поттикнување на иновации, како и создавање на чувство за посветеност на работното место. Предавачи на модулот беа:










д-р Ксенија Денчиќ Михајлов, професор на Економски факултет при Универзитетот во Ниш и професор на Универзитетот за применети науки Осфалија, СР Германија, експерт на полето за корпоративни финансии, стратегија за одржливост и известување; д-р Александра Јанеска Илиев, професор на Економски факултет Скопје при УКИМ; д-р Климе Попоски, професор на Универзитетот Св.Климент Охридски во Охрид, експерт во областа на осигурувањето кој беше координатор на Модулот; Ѓорѓи Петрушев, генерален директор на Млекара АД Битола; д-р Златко Муцунски, генерален директор на Порше Македонија, членка на Фолксваген Групацијата и г-ѓа Петра Ринглер која го предводи тимот за еколошко, социјално и корпоративно управување (ESG) во рамки на Одделот за европски работи и ESG на VIG (Виенската осигурителна групација).

Шест месечната обука за Бизнис лидери продолжува според Агендата со редовните предавања на 24 и 25 март 2022 година со Модулот за Корпоративни финансии.

Ментори на Програмата за бизнис лидери се д-р Глигор Бишев кој е претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања и д-р Јелисавета Георгиева Јовевска која е потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија.

# КОСТАЛ го заседе 9-то место на листата на најдобри работодавачи во Германија




Германскиот магазин “Штерн” ги објави резултатите од истражувањето “650 најдобри работодавачи во Германија”.

Во истражувањето, направено во соработка со “Статиста”- независен Институт за испитување на мислењето и истражување на пазарот, повеќе од 50.000 испитаници биле замолени да одговорат на повеќе од 50 прашања, во периодот од 24.06 – 09.08.2021 година.

Меѓу споменатите прашања, едно од позначајните е и прашањето дали вработените би го препорачале својот актуелен работодавач на друг (свој пријател, близок, роднина). Имајќи го во предвид периодот во кој е спроведено Истражувањето, во рамките на истото бил испитуван и аспектот – на кој начин компаниите ги менаџирале односите со своите вработени во услови на предизвици предизвикани од глобалната пандемија на Covid-19.

Споменатото истражување го поставува КОСТАЛ на високото 9-то место во категоријата “Работодавачи од автомобилска индустрија и нивни добавувачи”, односно на 12-тото место во категоријата “Работодавачи од областа на електроника и електротехника”.

КОСТАЛ од 2016 година е присутен во Македонија, преку своите производствени капацитети во Охрид, каде работат околу 1.000 посветени професионалци од сите делови на државата, снабдувајќи ги најголемите производители на автомобили. Меѓу клиентите на производите на технолошки напредното производство од Охрид, се вбројуваат БМВ, Ауди, Мерцедес, Порше, Тесла, Јагуар, Ланд Ровер. Фолксваген Сеат, Шкода. Како и централата во Германија, така и филијалата во Македонија се издвојува од останатите фирми во државата со високиот углед кој го ужива меѓу вработените, локалната заедница и воопшто на пазарот на труд. КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА како компанија постојано ја става добробитта на вработените на преден план преку можностите за нивен раст, развој и образование, компетитивни примања на пазарот на труд и поставување на нови стандарди кога станува збор за бенефитите кои вработените ги уживаат.

КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА е реномирана компанија – членка на Стопанската комора на Северна Македонија, а генералниот директор Виктор Мизо е потпретседател на Комората, како и претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство и на Советот за унапредување на индустриското производство и извозот.



# Огромен успех за женското претприемништво Валентина Тасева со меѓународна награда за најкреативна жена – претприемач на годината за Западен Балкан




На 11.03.2022 во Тирана, Албанија, хибридно се одржа меѓународната церемонија „Women who launch“ , во организација на Регионалниот совет за соработка | Иницијатива за жени претприемачи на годината од Западен Балкан. Валентина Тасева, Генерален директор и сопственик на Семос Едукација, членка на Стопанската комора на Северна Македонија триумфираше како победник во категоријата „Креативна жена претприемач на годината за Западен Балкан“, како доказ за нејзината креативност во бизнис процесите и успешното лидерство.

Во рамките на оваа иницијатива, граѓани и засегнати страни од Западен Балкан беа поканети да номинираат успешни и инспиративни жени претприемачи од регионот во 6 категории со цел да им се даде признание за посебни заслуги во соодветната категорија.

„Креативноста е една од главните вредности на Семос Едукација, а оваа меѓународна награда за креативност ќе биде поттик за компанијата за континуирано создавање трајни вредности и иновирање во насока на промоција на женското претприемништво.“ - изјави Валентина Тасева по повод оваа награда.



# „Реплек АД“: Ги зајакнуваме извозните позиции и освојуваме нови пазари

„Реплек АД“ ги зајакна своите извозни позиции на пазарите во Европската унија, проширувајќи го портфолиото на производи кои се достапни во овие земји. Компанијата истовремено го продолжи и својот пробив во Африка и Азија, па покрај присуството на повеќе од десет азиски пазари, наскоро ќе биде присутна и на пазарот во Јордан.

Зајакнувањето на извозните позиции е резултат на извозната стратегија, која преку диверзификација на извозот и позиционирање на брендовите цели кон создавање на нова додадена вредност за компанијата. За прв пат е осигурен и извозот на одредени пазари, со што се намалуваат евентуалните ризици, што е од исклучително значење во услови на здравствена и политичка криза. Компанијата започна и развоен циклус за модернизација, дигитализација и унапредување на деловните процеси, а се планира и проширување на портфолиото, како и модернизирање на нивниот корпоративен визуелен идентитет. Компанијата веќе започна со имплементација на иновативни решенија и зголемување на капацитетите. Инвестициите во нови погони се во завршна фаза и до крајот на пролетта ќе бидат ставени во функција.

-Нашата визија е да ги задржиме вредностите на компанијата, но и да направиме нивен спој со нови иновативни решенија кои ќе резултираат со поголема продуктивност и ефикасност во работењето преку дигитализација, нови производи и освојување на нови пазари. Истовремено ќе создадеме подобри услови за нашите вработени, овозможувајќи континуирана едукација и доусовршување. Сите овие процеси ќе придонесат за унапредување на резултатите од нашето работење. Преку инвестициите ќе го подигнеме квалитетот на нашето портфолио и ќе освоиме нови стратешки пазари што ќе ја зголеми вредноста на компанијата. Промените кои храбро ги отпочнавме веќе ги даваат првите позитивни резултати, што е значајно и за нашата компанија, но и за акционерите и за заедницата во целина, истакна Душан Пецовски, претседател на Управниот одбор на „Реплек АД“. Покрај пробивот на нови пазари, „Реплек АД“ ќе работи и на подобро позиционирање на своите производи на домашниот и регионалните пазари.

„Реплек АД“ вработува околу 500 лица, а компанијата е основач и на „Реплек Фарм“, која од 2011 година го поседува ГМП сертификатот на Европската Унија за добри производни практики во фармацевтската индустрија. „Реплек АД“ е извозно ориентирана компанија која на странските пазари пласира 75 отсто од своето производство, додека останатиот дел од 25 проценти отпаѓа на домашниот пазар.

# ОТВОРЕН ВТОРИОТ ПОВИК ЗА ГРАНТОТ ОД 150.000 ДО 600.000 ЕВРА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ВО КОМПАНИИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, Ве известува дека е отворен ВТОРИОТ ПОВИК на проектот за унапредување на стручното образование и практичната обука со добивање грант од 150.000 до 600.000 евра за инвестиции во инфраструктура и опремување на стручни училишта, високообразовни институции и приватни и/или невладини понудувачи на образовни услуги во соработка со приватниот сектор, преку Регионалниот фонд за предизвици (Regional Challenge Fund (RCF)).

**Повикот е ОТВОРЕН ОД 07.03.2022, ЗАКЛУЧНО СО 14.04 2022 година.**

Проектот се спроведува преку Коморскиот инвестициски форум на 6-те земјите од регионот на Западен Балкан, како главен партнер за имплементација, чија членка е Стопанската комора на Северна Македонија.

Средствата се обезбедени од Министерството за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија (BMZ) на чија иницијатива е основан Регионалниот фонд за предизвици за спроведување на проектот, а финансиран од Германската банка за развој (KFW).

Програмата за поддршка преку грантови на Регионалниот фонд за предизвици има за цел да го зајакне квалитетот, но и релевантноста на стручното образование и обука со потребите на пазарот на труд, но и да ја зајакне заедничката соработка на компаниите и стручните училишта, високообразовните институции и приватни и/или невладини понудувачи на образовни услуги за полесно вработување на младите и невработените лица.

Активностите ќе се спроведуваат во соработка и заеднички партнерства помеѓу најмалку две компании и едно стручно училиште, високообразовна институција и приватен и/или невладин понудувач на образовни услуги за имплементација на програми за стекнување квалификации преку Договори за соработка (Меморандуми).



# РАСТЕ ИНТЕРЕСОТ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРНЕРСТВО СО СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА

Активностите на Комората во делот на образованието сè повеќе добиваат и на квалитет, и на квантитет. Расте интересот на компаниите сами да го подготвуваат и да го обезбедуваат својот кадар преку воведување на дуалниот модел и јавното-приватно патрнерство со стручните училишта. За таа цел, Стопанската комора, како мост помеѓу бизнис заедницата и образовните институции, организираше работна средба за поврзување на компанијата „Фор леједи“ од Скопје со стручните училишта ЕТУЦ „Михајло Пупин“ и ЕМУЦ „8 Септември“, Скопје за подготовка на кадар преку дуалното образование за квалификациите електричар и техничар за компјутерска техника и автоматика, и за учењето преку работа за квалификацијата машински техничар. На овој начин, компанијата „Фор леједи“ која располага со софистицирани машини за изработка на чорапи ќе ги подготвува учениците за работа на сопствените машини, затоа што брзиот развој на технологијата несомнено бара учениците во текот на редовното образование да се вклучат директно во производниот процес во компаниите, а со тоа се отвора и можност да го вработи веднаш по завршување на неговото образование и стекнување на дипломата.

Покрај денешната средба за поврзување на бизнис заедницата и образовните институции, во овој период, заедничка соработка за обезбедување кадар за реализацијата на учењето преку работа, со стручното училиште „Димитар Влахов“, Скопје оствариja и печатниците „Бранко Гапо“ и Дата Понс“, членки на Комората за обезбедување квалификации од графичкиот сектор.

Печатницата „Бранко Гапо“ е основана 1993 година. Вработените во печатницата имаат децениско искуство во областите на офсет печатење, графички дизајн, везење и др. Изработуваат списанија, деловни водичи, прирачници, трговски публикации, туристички водичи, каталози, тетратки, визит картички. Нивната база на клиенти се состои од повеќе, од 200 домашни и меѓународни компании како Кока Кола, ОБСЕ, УСАИД, Рено, МекКан, Дајнерс итн.

Печатницата „Дата Понс“од 1992 година се присутни во графичката индустрија. „Дата Понс“ се опремени со најсовремени машини за печатење и доработка на печатени материјали. Имаат децениско искуство во офсет печатење, сито печатење, дизајн, компјутерска подготовка и печатење.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Онлајн семинар

18.03.2022

## Креирање и пополнување на ПРЕДМЕТ папка и пополнување на "ПОПИС НА документи/записи И ПРИЛОЗИ" при прием и создавање на документот/прилогот во насока на ефикасна организација и реализација

Целта на „онлајн"-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за доставување до сектори и нивна обработка креирање на кошулица, предмет папка како и нејзино пополнување. Пополнување на предмет папката во делот попис на документи/записи и прилози.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Заинтересираните за учество на овој „онлајн" семинар можат да се пријават најдоцна до 16.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3340&lng=1



Онлајн семинар

21.03.2022

## НОВИНИ ВО ПОГЛЕД НА БОЛЕДУВАЊЕ ПОРАДИ КОВИД-19, КОРИСТЕЊЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ОПРАВДАНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА И ИСПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ИСТОТО

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 март 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Новини во поглед на боледување поради КОВИД-19, користење на боледување како основ за оправдано отсуство од работа и исплаќање надоместок за истото, отсуство на бремени работнички и други основи за исплаќање на надоместоци и додатоци на плата со особен осврт на работа на празник и работа во недела".

Во светло на променетиот режим на времетраење на боледувањето по основ на КОВИД-19, оваа работилница ќе ги разгледа моментално важечките правила со цел работодавачите и работниците да се запознаени со своите права и обврски по однос на користење боледување поради оваа болест.

Дополнително ќе се разгледа целокупното регулирање на боледувањето како основ за отсуство од работа со надоместок на плата, при што ќе се разговара за различните обврски на работодавачите во зависност од типот на отвореното боледување.

Комплементарно на темата за обврските на работодавачот за исплаќање на надоместоци на плата поради оправдано отсуство на работникот, ќе се посочат и другите случаи кога согласно закон работодавачот ја има истата обврска, со тоа што посебно внимание ќе се посвети на анализата на платениот одмор поради лични причини на работникот, кое е дорегулирано со општите колективни договори.

Крајно, ќе се разгледаат и основите за исплаќање на додатоци на плата, а ќе се анализираат работата на празник и работата во недела како особено актуелна тема.

Работилницата ќе има интерактивен пристап.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 17.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3344&lng=1

Онлајн семинар

23.03.2022

# АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Зошто се корисни финансиските извештаи? Бидејќи, тие им помагаат на инвеститорите и доверителите во донесувањето подобри економски одлуки. Целта на онлајн семинарот е подобро разбирање на финансиските извештаи од корисниците на финансиските извештаи, со цел да се олесни подобрувањето на процесот на одлучување, со користење на НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ.

Разбирањето на финансиските извештаи помага во процесот на донесување одлуки за бизнисот. Претприемачите, инвеститорите и аналитичарите создаваат база на податоци низ одреден период на време која се презентира преку финансиските извештаи. Препознавањето на корисни информации кои стојат позади бројките во извештаите ќе ви кажат подеднакво или повеќе од самиот извештај. Само тогаш ќе знаете во која насока се одвива Вашиот бизнис.

Финансиската анализа претставува една алатка за препознавање на клучните елементи од вашите извештаи која преку сетот на финансиски показатели и нивното толкување ќе предонесе кон евалуација на тековното работење, идентификување на проблемите/областите на потенцијалните можности, развивање на буџети и имплементирање на идните стратегии кои во водат кон профитабилност, солвентност и ликвидност.

Овој онлајн семинар обезбедува рамка за проучување на анализата на финансиските извештаи. Оваа рамка се состои од користење на напредни Ексел алатки – создавање на информациски систем за финансиска анализа.

Преку овој еднодневен онлајн семинар ќе дознаете како да умеете да ги препознаете клучните елементи од финансиската слика на вашето претпријатие и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

**ЗСите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 21.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3336&lng=1



Онлајн семинар

24.03.2022

# БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ ПРИ ЕЛЕКТРОНСКА ПРОДАЖБА

Електронската продажба или подобро позната како e-commerce станува се попопуларна независно од тоа колку време трае пандемијата со ковид вирусот. И пред него и после него, начинот на градење на брендот преку дигитален маркетинг и електронско купување со еден клик станува се попопуларно не само во светот туку и кај нас.

Постојат три клучни фактори поради кои купувачите сè повеќе го прифаќаат онлајн начинот на купување. Тоа се практичност, асортиман и цена/вредност на производите и услугите што се нудат на пазарот. За таа цел, социјалните медиуми преку апликациите кои секојдневно ги употребуваме на нашите smart телефони, се повеќе се усовршуваат во делот на продажбата на и претставување на асортиманот кој се нуди.

Во ова динамично време полно со предизвици, и дополнително со заканите од пандемијата која „владее„ веќе две години со нашите животи, функционираме користејќи ги придобивките од електронската комерција, ние нарачуваме јадење, плаќаме сметки, нарачуваме облека па и пуштаме апарати за домаќинство преку апликација.

Целта на овој семинар е запознавање со концептите на дигитален маркетинг, дигитална економија, безбедносните аспекти на електронската продажба, како и предизвиците, недостатоците и современите трендови.

Предавачи:

Доц. д-р Ана Секуловска Јовковска, доктор на политички науки, специјалност креирање и имплементација на политики;

Доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

За сите учесници ќе биде обезбедено:
- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа онлајн семинарот можат да се пријават најдоцна до 22.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3329&lng=1

Онлајн семинар

23.03.2022

# АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Зошто се корисни финансиските извештаи? Бидејќи, тие им помагаат на инвеститорите и доверителите во донесувањето подобри економски одлуки. Целта на онлајн семинарот е подобро разбирање на финансиските извештаи од корисниците на финансиските извештаи, со цел да се олесни подобрувањето на процесот на одлучување, со користење на НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ.

Разбирањето на финансиските извештаи помага во процесот на донесување одлуки за бизнисот. Претприемачите, инвеститорите и аналитичарите создаваат база на податоци низ одреден период на време која се презентира преку финансиските извештаи. Препознавањето на корисни информации кои стојат позади бројките во извештаите ќе ви кажат подеднакво или повеќе од самиот извештај. Само тогаш ќе знаете во која насока се одвива Вашиот бизнис.

Финансиската анализа претставува една алатка за препознавање на клучните елементи од вашите извештаи која преку сетот на финансиски показатели и нивното толкување ќе предонесе кон евалуација на тековното работење, идентификување на проблемите/областите на потенцијалните можности, развивање на буџети и имплементирање на идните стратегии кои во водат кон профитабилност, солвентност и ликвидност.

Овој онлајн семинар обезбедува рамка за проучување на анализата на финансиските извештаи. Оваа рамка се состои од користење на напредни Ексел алатки – создавање на информациски систем за финансиска анализа.

Преку овој еднодневен онлајн семинар ќе дознаете како да умеете да ги препознаете клучните елементи од финансиската слика на вашето претпријатие и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

**ЗСите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 21.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3336&lng=1



Онлајн семинар

24.03.2022

# БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ ПРИ ЕЛЕКТРОНСКА ПРОДАЖБА

Електронската продажба или подобро позната како е-commerce станува се попопуларна независно од тоа колку време трае пандемијата со ковид вирусот. И пред него и после него, начинот на градење на брендот преку дигитален маркетинг и електронско купување со еден клик станува се попопуларно не само во светот туку и кај нас.

Постојат три клучни фактори поради кои купувачите сè повеќе го прифаќаат онлајн начинот на купување. Тоа се практичност, асортиман и цена/вредност на производите и услугите што се нудат на пазарот. За таа цел, социјалните медиуми преку апликациите кои секојдневно ги употребуваме на нашите smart телефони, се повеќе се усовршуваат во делот на продажбата на и претставување на асортиманот кој се нуди.

Во ова динамично време полно со предизвици, и дополнително со заканите од пандемијата која „владее„ веќе две години со нашите животи, функционираме користејќи ги придобивките од електронската комерција, ние нарачуваме јадење, плаќаме сметки, нарачуваме облека па и пуштаме апарати за домаќинство преку апликација.

Целта на овој семинар е запознавање со концептите на дигитален маркетинг, дигитална економија, безбедносните аспекти на електронската продажба, како и предизвиците, недостатоците и современите трендови.

Предавачи:

Доц. д-р Ана Секуловска Јовковска, доктор на политички науки, специјалност креирање и имплементација на политики;

Доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

За сите учесници ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа онлајн семинарот можат да се пријават најдоцна до 22.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3329&lng=1

**Саем, деловни средби**

**23.03.2022**

# ДЕЛОВНИ СРЕДБИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ

топанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската комора на Србија преку ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве покануваат да учествувате на деловните средби во рамки на меѓународниот саем за туризам, што ќе се одржи во периодот од 24-25 март 2022 година во Белград, Србија.

Саемот над 40 години претставува еден од најголемите туристички настани во земјата и пошироко во Југоисточна Европа преку исполнување на меѓународни деловни стандарди и воспоставување на партнерства со голем број на изложувачи.

Традиционално на настанот учество земаат туристички агенции, хотели, туристички центри, компании од авијацијата, меѓународни тур-оператори, синдикати и др. организации, фокусирајќи се на остварување на деловни контакти од земјата и регионот, како и креирање на амбиент каде што се поврзува понудата и побарувачката.

Обезбедена е организација на Б2Б состаноците и дополнителни поддршка за компаниите да најдат соодветни меѓународни партнери на меѓународниот саем за туризам. За времетраење на меѓународните деловни средби учесниците ќе имаат можност за средба со домашни и странски компании на однапред закажани состаноци .

Учеството на Б2Б состаноците е бесплатно, регистрацијата ќе биде отворена од 24 февруари до 24 март 2022 година и ќе се врши преку линкот: http://tourismfair.talkb2b.net/

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3333&lng=1






**Онлајн семинар**

**24.03.2022**

# МЕДИА ПЛАНИРАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ

Со промената на начинот на кој што корисниците ги користат традиционалните и новите медиуми се јавува и потребата брендовите и бизнисите се повеќе да се обидуваат да најдат нови начини и нови формати како да стигнат до својата целна публика со релевантна информација кога корисниците ќе имаат потреба од неа.

Дел од прашањата кои што брендовите постојано си ги поставуваат и на кои ќе се обидеме да дадеме одговор на овој семинар се: Дали да се префрлиме комплетно на дигитални медиуми? Кој е идеалниот баланс помеѓу традиционалните и дигиталните медиуми? Како да дојдеме до помладата публика? Дали треба да го автоматизираме планирањето на медиумите? Како воопшто да знаеме дали нашата кампања е успешна?

Овој семинар првенствено е наменет за претставници на маркетинг секторите во компании кои што сакаат да се запознаат со можностите и бенефитите од користењето на некои од платените дигитални медиуми.

Предавач:

Оливер Новески, партнер и медиа директор во независната маркетинг агенција Brand Union со долгогодишно искуство во работење со најпознатите локални и интернационални брендови присутни на нашиот пазар. Brand Union е агенција која што е Google партнер во делот за огласување.

За сите учесници на „он-лајн“ семинарот ќе биде обезбедено:

- Електронски работен материјал;
- Линк за приклучување на обуката преку платформата webex cisco;
- Електронски сертификат за присуство на семинарот.

**Последен рок за пријавување: 21.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3329&lng=1

**Онлајн семинар**

**25.03.2022**

# КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ ВО MS ЕКСЕЛ & MS POWERPOINT 2016

Успешните компании, одличното познавање на Excel и PowerPoint го ставаат како еден од главните предуслови за вработување и професионален напредок. Нивната сè почестата употреба, во различни сфери и за различни намени, доведува до сè поголеми потреби за обуки кои се занимаваат со оваа програма.

Обуката за Excel и PowerPoint е прилагодена за вработените во организациите кои сакаат да напредуваат во својата работа, но и за невработените лица заради стекнување предност при вработување. Содржините се кратки и јасни, без премногу теорија и со конкретни примери од пракса кои ќе Ви овозможат лесно да го разберете градивото и да го примените стекнатото знаење. По завршувањето на обуката ќе бидете оспособени, за најкратко време, да уредувате, анализирате и презентирате податоци во Excel и PowerPoint.

Предавач: Ирина Иванова, дипломиран инженер и професор по информатика веќе 20 години. Обучувач во областа на ИТ. Активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и национален обучувач. Воедно е и Scientix амбасадор за Македонија. Учесник е на бројни конференции, но и автор на прирачници за основно и учебници за средно образование.

**Рок за пријавување:23.3.2022 година**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3342&lng=1





**Тридневна „онлајн“ обука**

**29.03.2022 - 30.03.2022**

# СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Со цел зајакнување на врските помеѓу пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. Се` поголем е интересот на компаниите да обучат ученици - идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

Согласно законската регулатива, а и Вашиот искажан интерес за вклучување во процесот на практично обучување на ученици - дуалното образование, врз основа на кој беше и подготвен конкурсот за упис на ученици во стручните училишта, неопходно е да имате обучено лице – ментор кое ќе ги води учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Со постоењето на обучени ментори во компании ќе се подобри квалитетот на соработката со училиштата и ќе се постигне поефективна практична обука на учениците.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука го отпочнува процесот на сертифицирање на ментори во вашите компании и верификација на институции со предавачи кои се советници од Центарот за стручно образование и обука кои воедно се и носители на работната група за изработка на оваа програма: м-р Бранко Алексовски, м-р Роза Арсовска и м-р Зоран Јовчевски.

Ве информираме дека тридневната обуката за лицето - ментор од вашата компанија ќе се одржи од 29-31.3.2022 година и за таа цел Ве молиме навремено да ни ја доставите пополенета пријавата која Ви ја доставуваме во прилог.

По завршување на процесот на сертификација на ментор, започнува процесот на верификација на вашата компанија за практична обука (сертифицираниот ментор е еден од критериумите за верификација)..

**Последен рок за пријавување е 25 март 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3343&lng=1

**Онлајн семинар**

**29.03.2022**

# ЕФИКАСНИ ТИМОВИ И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ СО DISC FLOW МЕТОДОЛОГИЈАТА

Знаете ли дека еден од најголемите трошоци на кои директно можете да влијаете се оние произлезени од неефикасна комуникација и конфликти во тимот? Начинот на кој вработените градат реалации, се поддржуваат во реализацијата на задачите и се справуваат со конфликтите е критичен фактор за успехот на секоја компанија. Во ситуација кога сите сме соочени со брзи промени и предизвици од секакво вид, клучна е стабилноста на тимот и способноста на вработените меѓусебно да се надополнуваат, да се разбираат и полесно да се прилагодуваат на надворешните промени.

Потребата од нови, разбирливи и ефикасни алатки и пристапи никогаш не била поголема. Како да се пристапи кон вработените за да се креира и раководи тим кој ќе работи усогласено и континуирано ќе постигнува резултати? Како да се искористат различните стилови и потреби во комуникацијата, за креирање синергија во тимот? Најчесто поаѓаме од тоа што нам ни е потребно и пристапите кои лично ги сметаме за правилни. Дали е декогаш тоа најдобриот пат? Поговорката: „Не прави го на другиот тоа што не сакаш да ти го прават“ во комуникацијата и управувањето со тимови гласи: „Дознај што им значи на луѓето околу тебе и комуницирај на начин кој тие го вреднуваат!“. Интернационалната методологија на DISC Flow овозможува полесно разбирање на својот комуникацикси стил, како и стиловите со кои доминантно комуницираат членовите во тимот. Со прилагодувањето кон овие стилови, значително се намалуваат конфликтите и се подобрува продуктивноста на работното место.

Со намера да понуди дополнителни пристапи и ресурси за ефикасно управување со тимови,Стопанската комора на Северна Македонија на 29 март 2022 година организира „он-лајн“- еднодневен семинар на тема: ЕФИКАСНИ ТИМОВИ И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ СО DISC FLOW МЕТОДОЛОГИЈАТА која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен и одржлив развој на секоја организација.

**Сите заинтересирани за учество да се пријават најдоцна до 24 март 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3335&lng=1



**Форум**

**30.03.2022**

# БИЗНИС-ФОРУМ ЗА ПАТНАТА И ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија и Трговското одделение при Австриската амбасада во Скопје на заедничка иницијатива организираат Македонско-австриски бизнис-форум и Ве поканувaат да учествувате.

Основната цел на иницијативата за Бизнис-форумот е да се поттикне заедничката соработка меѓу реномираните австриски компании и македонските државни институции од областа на патната и на железничката инфраструктура, со можност за видливи, применливи и практични решенија.

Со цел интензивирање на економската соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Австрија, на Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од државните институции, кои ќе ги презентираат актуелните и идни проекти од патната и од железничката инфраструктура.

Презентацијата и деловните средби ќе се одржат на 30 март 2022 година (среда), со почеток во 11:30 часот, во Стопанската комора на Северна Македонија, сала 4 на петти кат.

Сите заинтересирани учесници своето присуство може да го потврдат со пополнување на пријавниот лист најдоцна до 29.3.2022 (вторник).

Контакт-лице: Ивана Крстевска, тел: 3244-051, електронска адреса: ivana@mchamber.mk

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3357&lng=1

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

ADVANTAGE AUSTRIA WKO






СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088